

# НАЧИНИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА СМЕТКИТЕ
ОД МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

# ПЛАЌАЈТЕ ГИ СМЕТКИТЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ БЕЗБЕДНО, БРЗО И ЛЕСНО!

Доколку сте приватен корисник на Телеком, сметките за фиксни, мобилни или интегрирани услуги можете да ги **платите безбедно** и од дома, **преку интернет**.

## ПЛАТИ ОНЛАЈН

**Плати онлајн** е електронски центар за плаќање на сметките од Телеком за фиксни, мобилни и интегрирани услуги. Преку овој канал можете да платите и повеќе сметки одеднаш. Не треба да се регистрирате, доволно е да го имате бројот на сметката што сакате да ја платите. Ако веќе ја користите услугата Е-сметка, потребниот број на сметката го добивате преку SMS или преку е-пошта. Или пак, уште полесно, можете да дознаете кој е бројот на вашата сметка со јавување на 1235 и избирање на менито „фактуриран долг".

За плаќање, пристапете на **Плати онлајн порталот** на telekom.mk и следете ги овие 4 чекори:

- Внесете го бројот на сметката која сакате да ја платите;
- Внесете ги податоците од вашата платежна картичка;
- Потврдете ги внесените податоци;
- Почекајте потврда за успешноста на извршеното плаќање.

## МОЈ ТЕЛЕКОМ

На порталот Мој Телеком имате детални податоци за услугите што ги користите од Македонски Телеком и ексклузивни содржини и функционалности достапни само за регистрираните членови.

Овде, покрај тоа што можете да активирате поволности и услуги или да ја проверите моменталната состојба на вашата



сметка, можете и да ги платите вашите сметки за мобилни, фиксни или интегрирани услуги издадени од Телеком, во само четири лесни чекори, без притоа да треба да го внесете бројот на сметката.

Ако сè уште не сте регистрирани, тоа можете да го сторите едноставно со внесување податоци за идентификување на telekom.mk

За увид во вашите сметки и плаќање избирате Моја сметка или Електронска сметка, зависно дали сакате да ги видите сметките за фиксни или сметките за мобилни/интегрирани услуги.

За плаќање, следете ги овие 4 чекори:

- Изберете ја сметката што сакате да ја платите и кликнете во колоната Плати/Потврди;
- Внесете ги податоците од вашата платежна картичка;
- Потврдете ги внесените податоци;
- Почекајте потврда за успешноста на плаќањето.

## ОД ВАШИОТ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

Мобилната апликација TELEKOM MK ви овозможува едноставно и брзо решавање на многу барања поврзани со мобилните услуги од Телеком. Преку неа во секое време можете да ги проверите и да ги платите сметките за мобилните и интегрираните услуги.

Ако сè уште не сте ја инсталирале мобилната апликација TELEKOM MK, можете да ја преземете веднаш со скенирање на соодветниот QR код подолу:

Мобилната апликација е поврзана со вашиот Мој Телеком профил, и доколку сте регистриран корисник на овој портал, апликацијата веднаш ве препознава.

Доколку не сте регистрирани, можете да го сторите тоа брзо и едноставно со внесување на вашиот телефонски и матичен број, или пак со последните 6 цифри од вашата SIM картичка.

За увид во вашите сметки, пристапувате во менито Моја сметка - Електронска сметка, каде што имате увид во сите ваши сметки.

За плаќање, следете ги овие 4 чекори:

- Изберете ја неплатената сметка која сакате да ја платите и кликнете во колоната Плати;
- Внесете ги потребните податоци за платежната картичка;
- Потврдете ги внесените податоци;
- Почекајте потврда за успешноста на плаќањето.

Со овој начин на плаќање, евиденцијата за наплатената сметка се врши најдоцна за 10 минути, без чекање во ред на шалтерите и без провизиии при плаќање во банките.

Интернет сообраќајот од TELEKOM MK апликацијата е бесплатен преку мобилната мрежа на Телеком.

## ЕЛЕКТРОНСКА СМЕТКА - ПОСТОЈАН УВИД ВО ТРОШОЦИТЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА!

Со услугата Електронска сметка ги добивате следниве поволности:

- 24/7 часа пристап до сметката;
- Електронско следење на трошоците;
- Добивање на  Е-сметката на вашата е-адреса;
- Заштеда на време.

Сè што треба да направите за да ги замените вашите хартиени сметки со електронски сметки е да ја активирате услугата Електронска сметка  на порталот Мој Телеком,  давајќи согласност месечната сметка да ја примате електронски и да ги гледате вашите месечни сметки онлајн.
Со активирање на оваа услуга повеќе нема да добивате сметки во хартиена форма. Сметката ви е достапна во секое време на порталот Мој Телеком, во менито Електронска сметка, односно Електронско плаќање.

Плаќањето на Електронската сметка најлесно можете да го направите онлајн, преку некои од претходно посочените канали за плаќање.

Дознајте повеќе и активирајте ја услугата веднаш на telekom.mk

**БРЗО И ЕДНОСТАВНО АКТИВИРАЊЕ ПРЕКУ МОЈ ТЕЛЕКОМ**

# ДРУГИ НАЧИНИ НА ПЛАЌАЊЕ

## ТРАЕН НАЛОГ

Трајниот налог ви овозможува сигурно и навремено плаќање на сметките за фиксни, мобилни и интегрирани услуги од Македонски Телеком директно од вашата сметка во банка, без дополнителни провизии и трошоци.

Со ваша согласност за плаќање на сметката преку траен налог ја овластувате банката редовно да врши плаќање на денот утврден како краен рок за плаќање, назначен на сметката.

На овој начин вашата сметка се плаќа без никакви дополнителни трошоци, доколку имате трансакциска сметка во некоја од банките кои не наплаќаат провизија за овие трансакции*.

Со плаќањето преку Траен налог добивате многу поволности:

- Го штедите вашето време избегнувајќи го чекањето на шалтерите;
- Сметките ќе ви бидат платени автоматски и нема да ги пропуштите крајните рокови за плаќање;
- Не плаќате провизија и подобро управувате со своите финансии;
- Имате контрола врз плаќањата (максимален износ и точниот рок на плаќањето);
- Добивате екстра поени за најголемата програма за лојалност во Македонија - Мој клуб.

За да имате целосна контрола врз вашите плаќања, можете да одредите и да менувате максимален износ што може да се плати преку траен налог. Така, доколку месечниот износ на вашата сметка е над утврдениот лимит, трајниот налог нема да се реализира, односно обврската за плаќање на телефонската сметка за тој месец ќе биде ваша.
Трајниот налог се активира едноставно, со пополнување формулар во Телеком продавниците или во најблиската филијала на вашата банка*.

## БАНКОМАТ

Ако ги користите услугите на Стопанска банка, или на НЛБ Тутунска банка, сметките можете да ги платите и преку банкомат, во само неколку лесни чекори.

Појдете со својата платежна картичка до кој било банкомат на Стопанска банка или на НЛБ Тутунска банка и следете ги инструкциите на екранот.

## ПРОДАЖНИ МЕСТА НА Т ПАРТНЕРИ

Искористете ја можноста да ја платите вашата Т сметка и во продажните места на нашите Т партнери.

## ТЕЛЕКОМ ПРОДАВНИЦИ

Сметките можете да ги платите и во најблиската Телеком продавница.

## ТЕРМИНАЛИ ЗА САМОНАПЛАТА

Доколку сте веќе во Телеком продавница, а не сакате да чекате на ред, побарајте ја зелената линија која ќе ве одведе до терминалот за самонаплата, каде што брзо и лесно можете да ги платите своите сметки: во кеш, при што автоматот го враќа остатокот; со платежна картичка од сите банки издавачи на картички за електронско плаќање или со мобилен телефон (за корисници на MobiPay услугата на Македонски Телеком). По успешното плаќање на сметката, ќе добиете печатена потврда за уплатата.

## БАНКИ И ПОШТА

Сметките за фиксни, мобилни и интегрирани услуги од Македонски Телеком можете да ги платите без дополнителни провизии и во експозитурите на повеќето банки во Македонија* и во Македонска пошта**.

*Во Стопанска банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, НЛБ Тутунска банка АД Скопје, ПроКредит банка АД Скопје, Халкбанк АД Скопје, Уни банка АД Скопје, Охридска банка АД Охрид, ТТК банка АД Скопје, Стопанска банка Битола и Шпаркасе банка Скопје не се наплаќа провизија при плаќањето на сметката. Сите останати банки наплаќаат провизија при плаќањето сметки.
** Плаќањето на сметките преку овие канали се регистрира наредниот работен ден од денот на плаќање.

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА